Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за усвојување на Годишни извештаи за работата на Основните училишта во Општина Ѓорче Петров, за учебната 2008/2009 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Годишните извештаи за работата на Основните училишта во Општина Ѓорче Петров, за учебната 2008/2009 година и тоа :

Годишен извештај за работата на О.У. Ѓорче Петров за учебната 2008/2009 година, Годишен извештај за работата на О.У. Мирче Ацев за учебната 2008/2009 година, Годишен извештај за работата на О.У. Димитар Поп Георгиев Беровски за учебната 2008/2009 година, Годишен извештај за работата на О.У. Страшо Пинџур за учебната 2008/2009 година, Годишен извештај за работата на О.У. Тихомир Милошевски за учебната 2008/2009 година, Годишен извештај за работата на О.У. Јоаким Крчовски за учебната 2008/2009 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ги усвои на Деветтата Седница на Советот, одржана на ден 27.08.2009 година.

**Број 08-2532/1**
**од 31.08.2009 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски**

Врз основа на член 16 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Сл. Гласник на Општина Ѓорче Петров бр 05/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на Деветтата седница одржана на ден 27.08.2009 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишни извештаи за работата на Основните училишта во Општина Ѓорче Петров, во учебната 2008/2009 година;**

**Член 1**

Се усвојуваат Годишните извештаи за работата на Основните училишта во Општина Ѓорче Петров, во учебната 2008/2009 година и тоа :

- Годишен извештај за работата на О.У. Ѓорче Петров за учебната 2008/2009 година,
- Годишен извештај за работата на О.У. Мирче Ацев за учебната 2008/2009 година,
- Годишен извештај за работата на О.У. Димитар Поп Георгиев Беровски за учебната 2008/2009 година,
- Годишен извештај за работата на О.У. Страшо Пинџур за учебната 2008/2009 година,
- Годишен извештај за работата на О.У. Тихомир Милошевски за учебната 2008/2009 година,
- Годишен извештај за работата на О.У. Јоаким Крчовски за учебната 2008/2009 година .

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на објавувањето во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07- 2394/3**
**27.08.2009 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стоскоски**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за II тромесечие од 2009 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за II тромесечие од 2009 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Деветтата Седница на Советот, одржана на ден 27.08.2009 година.

**Број 08-2532/2**
**од 31.08.2009 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров број 5/2006), Советот на Општина Ѓорче Петров на Деветтата Седница одржана на ден 27.08.2009 година, донесе :

**ОДЛУКА**
**За усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за II-то тромесечие од 2009 година**

1. Се усвојува Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за II-то тромесечие од 2009 година.

2. Оваа Одлука заедно со Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за II-то тромесечие од 2009 година, ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-2394/4**
**од 27.08.2009 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски**

Овде треба да се вметне Извештајот

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Заклучок за усвојување на Шестомесечен Извештај за превземените мерки и активности на ПС ОН *Ѓорче Петров* за 2009 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Шестомесечен Извештај за превземените мерки и активности на ПС ОН *Ѓорче Петров* за 2009 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на Деветтата Седница на Советот, одржана на ден 27.08.2009 година.

**Број 08-2532/3**
**од 31.08.2009 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски**

Врз основа на член 25 од Законот за полиција ("Службен Весник на Р.М. бр. 114/06) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров ("Службен Гласник на Град Скопје бр. 10/03), Советот на Општина Ѓорче Петров на Деветтата Седница, одржана на ден 27.08.2009 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Шестомесечен Извештај за превземените мерки и активности на ПС ОН *Ѓорче Петров* за 2009 година**

1. Се усвојува Шестомесечниот Извештај за превземените мерки и активности на ПС ОН *Ѓорче Петров* за 2009 година.

2. Овој Заклучок ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07- 2394/5**
**од 27.08.2009 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен обележја на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен обележја на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Деветтата Седница на Советот, одржана на ден 27.08.2009 година.

**Број 08-2532/4**
**од 31.08.2009 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски**

Врз основа на член 17 од Законот за меморијалните споменици и спомен обележјата (Службен Весник на РМ бр.66/04) член 36 став 1 точка 15 и член 162 став 1 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на општина Ѓорче Петров(Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.5/06), Советот на општина Ѓорче Петров на 9-тата седница одржана на ден 27.08.2009 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен обележја за општина Ѓорче Петров**

**I.**

Зачувувањето на споменот за историските настани и личности од историјата и културата на секој народ, кои впечатливо придонеле за развојот на пошироката заедница, претставува посебна законска, морална и цивилизациска обврска, како на државата така и на локалната власт.

На територијата на општина Ѓорче Петров во текот на изминатиот временски период се одвивале настани и се вкрстосувале патишта на личности кои оставиле неизбришливи траги во нашата историја на опстојување, борба за слобода, национална самостојност, независност и човечко достоинство.

Во општина Ѓорче Петров на мал дел од овие личности и настани им се подигнати споменици и спомен обележја како знак на благодарност и признание од граѓанита на Република Македонија и на општина Ѓорче Петров.

**II.**

Со оваа програма се опфатени личностите што треба приоритетно да бидат одбележани со поставување на спомен обележја на подрачјето на Општината.

**III.**

Во иднина Општина Ѓорче Петров ќе подигне спомен-обележја на следните историски личности:

- Бранителите од Општина Ѓорче Петров што погинаа во конфликтот во 2001 година: Раде Јанкуловски, Ивица Златевски, Томе Димовски и Ацо Ангеловски од с.Волково и Томислав Настевски-Бумбар од Ѓорче Петров.

- Ѓорче Петров
- Даме Груев
- Димитар Поп Георгиев Беровски
- Јпаким Крчовски
- Мирче Ацев
- Страшо Пинџур
- Тихомир Милошевски
- Христо Батанџиев

Покрај наведените личности, општината може да ја проширува ова програма и со спомен - обележја по иницијатива на правни и физички лица восогласност со Законот за меморијалните споменици и спомен обележја.

**IV.**

Поконкретни податоци за видот на спомен-обележјата, нивната местоположба и другите податоци за спомен обележјата се утврдуваат со Одлука на Советот на општина Ѓорче Петров за нивното подигање.

**V.**

Финансиските средства за изградба на спомен обележјата, како и трошоците за нивно чување, одржување и заштита се планираат во Буџетот на Општина Ѓорче Петров, од Буџетот на Република Македонија преку Буџетот на Министерството за култура, од донации и други извори согласно Закон.

**VI.**

Програмата Влегува во сила на денот на донесувањето, а ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-2394/6**
**од 27.08.2009 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојковски**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за подигање на спомен -обележје на револуционерот Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за подигање на спомен -обележје на револуционерот Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Деветтата Седница на Советот, одржана на ден 27.08.2009 година.

**Број 08-2532/5**
**од 31.08.2009 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски**

Врз основа на член 18 ставови 1 и 2 од Законот за меморијалните споменици и спомен обележјата (Службен Весник на РМ бр.66/04), член 62 став 1, а во врска со член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на општина Ѓорче Петров ( Службен Гласник на општина Ѓорче Петров), Советот на Општина Ѓорче Петров на 9-тата седница одржана на ден 27.08.2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за подигање на спомен-обележје на**
**револуционерот Ѓорче Петров**

**Член 1**

Се утврдува потреба од подигање на спомен-обележје на територијата на Општина Ѓорче Петров со кое ќе се одбележи значењето и почитта на личноста и делото на револуционерот Ѓорче Петров кој остави неизбришливи траги во историјата при создавањето на Македонската држава.

**Член 2**

Спомен-обележјето ќе биде подигнато на локација близу Реонскиот парк во Општина Ѓорче Петров - Скопје.

**Член 3**

Описот на видот, содржината, точната локација и другите елементи за подигање на спомен-обележјето, ќе бидат утврдени со идеен проект кој ќе биде избран на Јавен Конкурс.

**Член 4**

За спроведување на постапката за подигање на спомен-обележје се формира одговорно тело - Одбор за подигање на спомен-обележје на значењето и почитта на личноста и делото на револуционерот Ѓорче Петров, во следниот состав:

- Претседател Марјан Димитриевски - историчар;
- Член Виктор Лилчиќ - археолог;
- Член Марко Китевски - книжевник;
- Член Паско Кузман - Директор на управата за заштита на културното наследство;
- Александар Стојкоски - претседател на Советот на општина Ѓорче Петров;
- Драган Трпевски - член на Советот на општина Ѓорче Петров;
- Марјан Стојановски - член на Советот на општина Ѓорче Петров;

- Лена Ивановска - архитект во општина Ѓорче Петров и
- Новица Василевски - член на Советот на општина Ѓорче Петров.

Мандатот на Одборот трае до завршување на спомен обележјето.

**Член 5**

Одборот е должен да ги спроведе следните активности:

- Да распише Јавен Конкурс за изработка на идеен проект за подигање на спомен-обележјето за револуционерот Ѓорче Петров;
- Го следи извршувањето на одлуката за подигање на спомен обележје и за тоа со извештај го известува Советот на општина Ѓорче Петров;
- Разгледува општи прашања, предлага мерки и активности во врска со подигањето на спомен -обележјето;
- Врши и други работи согласно со одлуката за подигање на спомен-обележје и други прописи кои се однесуваат на реализација на активностите на Одборот.

**Член 6**

Стручните и административно-техничките работи за Одборот ќе ги врши соодветна стручна служба на Општинската администрација.

**Член 7**

Спомен-обележјето ќе биде подигнато најдоцна во рок од 30 дена од денот на неговата изработка од страна на овластен изведувач.

**Член 8**

Средствата за подигање на спомен-обележјето ќе бидат обезбедени во Буџетот на Министерството за култура на Република Македонија за 2010 година

**Член 9**

Одлуката стапува во сила на денот на донесувањето, а ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-2394/7**
**Од 27.08.2009 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојковски**